НЕЗАВИСЕН

Вештачката интелигенција влезе во Кодексот на новинарите

07/07/2026 14:09

Младен Чадиковски - ЗНМ го промовира новиот Кодекс на новинари (Фото: Б. Грдановски)

Македонскиот институт за медиуми (МИМ) и Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) денеска во Скопје го промовираа новиот Кодекс на новинарите на Македонија, кој претставува модернизирана рамка за професионално и етичко известување прилагодена на предизвиците на

Најчитани

„Херо… пило…

01/10/2026 15:53

БГНЕС: Мицк…

03/10/2026 15:36

лната ера, социјалните мрежи и вештачката
генција.

Овој производ не е без ризик, ослободува никотин

На почетокот на настанот беше посочено дека процесот за измена и дополнување на Кодексот започнал во 2024 година, по што бил привремено прекинат, а потоа продолжен во 2026 година со цел негово финализирање, како дел од поширокиот проект за зајакнување на етичките стандарди за поголема доверба во медиумите.



Мицк…
Не су…
04/10/2026
10:42

Номи…
амба…
01/10/2026
13:13

Рома…
функ…
29/09/2026
16:39

Студе…
смест…
30/09/2026
13:37







Претседателот на ЗНМ, Младен Чадиковски, во своето обраќање истакна дека овој документ всушност претставува „нов договор меѓу новинарите и јавноста“, со кој фелата се обврзува дека професионалното новинарство е подготвено да одговори на динамичното време во кое живееме.

Грданоски

Чадиковски истакна дека досегашниот Кодекс повеќе од 25 години бил темелот на новинарството, но, како што рече, светот во меѓувреме драстично се променил со напливот на дигитални платформи, алгоритми и вештачка интелигенција.

– Во таков свет логично беше да се прашаме дали старите етички принципи се доволни, а одговорот е сосема јасен. Тоа е дека основните вредности на новинарството и во 2000-тите и денеска не се менуваат и нема да се сменат. Вистината, проверката на фактите, независноста, јавниот интерес и одговорноста кон граѓаните пред сè остануваат темел на оваа професија – рече Чадиковски.

Новиот Кодекс, вели, за првпат се осврнува кон предизвиците на дигиталната ера, вклучително и употребата на вештачка интелигенција, транспарентноста, судирот на интереси, како и заштитата на достоинството и приватноста, посочувајќи дека на Кодексот се работело повеќе од две години во инклузивен процес со новинари, експерти и саморегулаторни тела, креирајќи автентичен македонски производе отпорен на притисоци.

Предизвиците со вештачката интелигенција

Новиот Кодекс за првпат воведува правила и насоки за користење на вештачката интелигенција во редакциите, ги зајакнува стандардите за транспарентност, исправки и судир на интереси, и посветува поголемо внимание на достоинството на жртвите, заштитата на децата и приватноста.

овски нагласи дека новинарите не се против
огијата и дека вештачката интелигенција може да
ке во анализа на документи, превод и
рипција, но дека таа никогаш нема да биде новинар.

Фото: Б. Грданоски

– Најважната порака што ја праќаме или што сакаме да ја пратиме и со новиот кодекс е дека новинарите не се против технологијата. Напротив, вештачката интелигенција сфаќаме дека е и ќе биде сè поприсутна во редакциите. Таа може да помогне многу, да се анализираат документи, да се преведуваат текстови, да се транскрибираат интервјуа, меѓутоа никогаш вештачката интелигенција нема да биде новинар … Вештачката интелигенција не може да биде на местото на настанот, не може да стекне доверба со соговорник, не може да постави вистинско потпрашање и не може да ја преземе одговорноста пред јавноста. Затоа одговорноста секогаш ќе остане човечка, ќе остане наша новинарска. Во време кога секој може да создава содржина, професионалниот новинар повеќе нема да се препознава по тоа дали прв објавил нешто, туку по тоа дали објавеното е точно, проверено и во јавен интерес – порача претседателот на ЗНМ.

На промоцијата се обрати и претседателот на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Александар Кржаловски, кој упати честитки за инклузивниот процес на носење на документот, но сподели и научени лекции од практиката со Кодексот за граѓански организации.

Кржаловски укажа на ризикот актот да остане само на хартија доколку не се воспостават силни механизми за негова имплементација.

– Прашањето е како ќе се применува и како ќе се контролира понатаму и како ќе се укажува на пропустите, бидејќи она што заклучивме кај граѓанските организации иако веќе има над 150 организации потписнички на тој кодекс, само 25 отсто ги исполнуваат обврските од истиот тој кодекс – рече Кржаловски.

: дека искуствата од примената на кодексот кај
ските организации укажуваат дека донесувањето е
рв чекор, а клучен предизвик останува доследното
вање.

аа лекција сакам да укажам што ве очекува во
мошниот тек на примената на новиот Кодекс на
арите. Се надевам дека МИМ, заедно со останатите
ели, ќе изработи ефикасни механизми за сето ова да
итува, а новинарите нема да го видат ова само како
ртија, туку навистина ќе го применуваат – истакна
овски.

Новиот Кодекс се очекува да послужи како етички компас за сегашните и идните генерации медиумски професионалци во земјава, со цел да се направи јасна дистинкција меѓу професионалното новинарство и останатите креатори на содржини во дигиталниот простор.

ПОВРЗАНИ СОДРЖИНИ

вакцината по несаканите ефекти во неколку случаи во Хрватска

06/10/2026 12:10

„Лајка“ на терен – Во септември, заловени 172 бездомни кучиња во Скопје

06/10/2026 11:10

Карпош казни седуммина што фрлале ѓубре околу контејнери

06/10/2026 10:10

Тендерот за вакцини против грип пропадна, МЗ чека увоз преку меѓународни канали

06/10/2026 10:10

Во Берово измерени минус 4 степени

06/10/2026 08:10

ЦУК: До 07:30 часот вкупно 46 пожари, седум активни, еден под контрола

06/10/2026 08:10

Без струја дел од Карпош

06/10/2026 07:10

Без вода делови од општините Центар и Карпош

06/10/2026 07:10

Импресум

есник 2019 -2026 Маркетинг

Услови за користење